**До:** Основен суд во Кратово – Кривичен оддел

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело *,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија"* согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година

2. Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело ,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, **со изречена затворска казна**.

3. Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело ,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, **со изречена парична казна.**

4. . Вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело ,,Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" согласно член 206 од Кривичниот Законик на РСМ од 01.03.2020 година до 30.06.2022 година, **со изречена алтернативна мерка**.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________________________

Барател на информацијата:

[redacted]

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** 19.07, _____202 2 **година .** [redacted]

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.7/22
07.11.2022 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 03.11.2022 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение СПИ.бр.7/22 од 07.11.2022 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО Република Северна Македонија * Кратово *

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.7/22
07.11.2022 година
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информации од јавен карактер од барателот [redacted] за [redacted], поднесено на 03.11.2022 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за информации од јавен карактер од [redacted], поднесено на 03.11.2022 година, СЕ УВАЖУВА целосно.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Барањето информациии од јавен карактер доставено од [redacted] на ден 03.11.2022 година на службениот е-маил на судот, имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ги доставува следните информации:

1. Во Основен суд Кратово во последните 6 години од 2017-2022 година нема донесени правосилни судски пресуди за кривично дело по чл.394-г од Кривичниот законик.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 07.11.2022 година, под СПИ.бр.7/22

По овластување на Претседателот на судот,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово